## II МЕЃУНАРОДНА НАУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА *МИТ И ДРАМА: КРИЗИ, ГРАНИЦИ, ДРУГОСТ*

Второто издание на конференцијата *Миш и драма* ќе се одржи на 27 – 28 октомври 2026 година во Скопје, во соорганизација на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, УКИМ, Скопје, Институтот за македонска литература, УКИМ, Скопје и Факултетот за драмски уметности, УКИМ, Скопје. Ова издание ќе се релизира во соработка со Еуродрам – Европската мрежа за драма и превод (www.eurodram.org) и програмата „Седмица на Еуродрам 2026“ во Скопје. По тој повод, ни претставува особена чест и задоволство да Ве поканиме да учествувате со свое излагање во рамките на конференциската програма.

**Проблемско поле на конференцијата**

Уште од своите почетоци митот и драмата (театарот) се длабоко испреплетени, а нивниот плоден дијалог овозможува богати и возбудливи креации и (ре)интерпретации. Митовите како основоположнички нарации и ризници на колективното, имагинарното, традиционалното, се основа на многу драмски текстови и театарски изведби. Современата драмска (театарска) продукција ја отсликува и потребата од нови читања и преосмислувања на митот, поставувајќи го и прашањето за создавање нови митови во контекст на предизвиците на современието.

Годинашното издание го носи поднасловот **Кризи, граници, другост**, со што тематскиот фокус го насочуваме кон новонастанатите глобални и локални констелации, како и кон интензивираните академски расправи за лиминалноста, идентитетските конфигурации и формите на другост. Целта на второто издание на оваа интердисциплинарна конференција, која го обединува драматуршкиот и театролошкиот пристап со филолошки, антрополошки, филозофски, историски родови и други перспективи, е да ги разгледа релациите меѓу митот и драмата од антиката до денес, со посебен акцент на теми кои се наметнуваат како особено актуелни и ургентни.

Истовремено, прашањата на кризите, границите и другоста, што денес се чинат особено релевантни и на чии предизвици настојуваме да одговориме, отсекогаш биле во средиштето на креативните – поетски и политички толкувања и реинвенции на космосот, светот и човекот, што ги претставуваат митот и драмата. Овие три тематски јазли се впишани во самата поетика и функција на митот и драмата, бидејќи токму преку наративното и сценското обликување се артикулираат моментите на пресврт, лиминалните состојби и средбата со Другиот како конститутивни точки на културното и на општественото самопреиспитување.

Митот и драмата, во своите заемни одрази и испреплетувања, не само што често се јавуваат како одговор на длабоки општествени и политички кризи, туку нивниот плоден дијалог се развива и низ сопствените внатрешни преиспитувања – низ кризата на митот и драмата како поетички и културни форми. Дополнително, тие се суштински и структурно

поврзани со концептот на границата, на чиј праг се испишуваат, претставувајќи ја и пречекорувајќи ја – било да станува збор за границата меѓу полисот и антиполисот, меѓу сцената и гледалиштето или меѓу различните облици на заедништво. Во периоди на (политички и поетички) кризи, прашањето на границите – нивното (де)конструирање и (де)сакрализирање – добива особена тежина, отворајќи го, воедно и прашањето на другоста како нивно внатрешно јадро. Отелотворувајќи ги и преминувајќи ги границите во текстот и на сцената, митот и драмата ги преиспитуваат и преигруваат фигурите на Другиот – неграѓанинот, жената, странецот, мигрантот – во дијалог со современите миграциски, политички и културни кризи што ги редефинираат контурите на припадноста и исклучувањето во денешниот свет.

Предлагаме повеќе поттеми за разработка и дискусија, при што листата останува отворена за проширување:

**Предлози за теми:**

**1. Кризи**

- Митот и драмата наспроти кризата
- Кризата на митот и драмата
- Мит, драма и траума
- Политички митологии, критички драматургии
- Комични субверзии и травестии на митот како одговор на кризата
- Митот и драмата во ерата на вештачката интелигенција
- Дигитални митологии

**2. Граници**

- Трансгресии, травестии и хибридизации
- Преведување, адаптирање и интеркултурно циркулирање на митовите
- Претставувања и преиспитувања на границите во митот и во драмата
- (Де)конструирање на границите и идентитетите во митот и во драмата
- Телото како граница (родова, расна, политичка, симболичка)
- Митови/драми за егзилот, миграцијата и талкањето

**3. Другост**

- Фигури на другоста во митот и во драмата: божеството, жената, странецот, мигрантот, старецот, монструмот, животното...
- Монструми, странци и маргиналци
- Комедијата и другоста: Другиот како комичен двигател
- Комични субверзии и деколонизации на митот
- Постхуманизам, нови технологии и дигитални реинвенции на митот
- Божествена, животинска, технолошка другост

Трудовите може да се фокусираат на античките, средновековните, модерните или на современите корпуси.

**Упатство за учество и важни датуми**

- Секој автор може да се пријави со еден труд (самостојно или во коавторство) за учество на конференцијата.
- Котизација: 2000 денари или 35 евра.
- Покрај апстракт (до 250 зборови, напишан на еден од работните јазици на собирот), авторите треба да внесат име и презиме, професионална афилијација, наслов на предложениот труд за презентација и клучни зборови во пријавата.
- Пријавување: најдоцна до **30 мај 2026 г.** на адресата: mit_drama@iml.edu.mk
- Авторите ќе добијат известување за прифаќање/одбивање на апстрактот, најдоцна до **15 јуни 2026 г**.
- По завршувањето на собирот трудовите ќе бидат објавени во зборник. За роковите, формата и обемот на трудовите, авторите ќе добијат дополнителни информации.
- Работни јазици на собирот: македонски, француски, англиски и јужнословенски јазици.

**Воведни говорници**:

Маја Бојаџиевска, Филолошки факултет „Блаже Конески“ во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Пјер Летесје, Факултет за уметности и медиуми, Универзитет Нова Сорбона, Париз (учеството ќе биде дополнително потврдено).

Душка Радосављевиќ, Кралска централна школа за сценски говор и драма – Универзитетот во Лондон и Универзитетот во Лунд.

**Програмски одбор:**

проф. д-р Наташа Аврамовска, Институт за македонска литература, УКИМ, Скопје

проф. д-р Деспина Ангеловска, Факултет за драмски уметности, УКИМ, Скопје

проф. д-р Дарин Ангеловски, Институт за македонска литература, УКИМ, Скопје

проф. д-р Ивица Баковиќ, Филозофски факултет, при Универзитетот во Загреб

проф. д-р Ана Димишковска, Филозофски факултет, УКИМ, Скопје

проф. д-р Мигел Рамаљете Гомеш, Факултет за уметности и хуманистички науки, при Универзитетот во Лисабон

проф. д-р Јитка Горио, Академија за сценски уметности во Прага, Театарски факултет (DAMU)

проф. м-р Бесфорт Идризи, Факултет за драмски уметности, УКИМ, Скопје

проф. д-р Владимир Мартиновски, Филолошки факултет „Блаже Конески“, УКИМ, Скопје

проф. м-р Жанина Мирчевска, Академија за театар, филм, радио и телевизија, при Универзитетот во Љубљана

проф. д-р Кристина Н. Николовска, Филолошки факултет „Блаже Конески“, УКИМ, Скопје

проф. д-р Светлана Слапшак, редовен професор и декан во пензија, Институт за балкански и медитерански студии и култура, ИБАМЕСК, Љубљана

д-р Лада Стевановиќ (научен советник), Етнографски институт, САНУ, Белград

проф. д-р Весна Томовска, Филозофски факултет, УКИМ, Скопје

проф. д-р Даниела Тошева, Филозофски факултет, УКИМ, Скопје

**Организациски одбор:**

проф. д-р Наташа Аврамовска, Институт за македонска литература, УКИМ, Скопје
проф. д-р Деспина Ангеловска, Факултет за драмски уметности, УКИМ, Скопје
проф. д-р Дарин Ангеловски, Институт за македонска литература, УКИМ, Скопје
проф. м-р Бесфорт Идризи, Факултет за драмски уметности, УКИМ, Скопје
проф. д-р Владимир Мартиновски, Филолошки факултет „Блаже Конески“, УКИМ, Скопје
проф. д-р Кристина Н. Николовска, Филолошки факултет „Блаже Конески“, УКИМ, Скопје